# МИСИОНСКИ
## СТИХОВИ

Евангелски активности
на верниците





ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2018

*Сабота, 6 јануари 2018*

## Мисионска порака

Во рамките на оваа подрачје не би сакал да зборувам за ефикасните методи на мисионската работа, бидејќи тие главно се познати. Секоја различна техника има свои мани и предности. Исус користел две методи: Прво, Тој им се обраќал на широките народни маси како, на пример, во проповедта на Гората на благословите, а исто така Тој ја сакал личната работа, што може да се види од неговиот разговор со Никодима, со Самарјанката и со многу други.

Но, како што кажавме, денеска нема да се сосредоточуваме на методите и на видот на мисионската работа туку на самиот поим и идеја за мисионство. Бидејќи, кога ги читаме историските извештаи од Христовиот живот и работа, и од работата на апостолите, ние гледаме дека ширењето на евангелието е многу повеќе од информација, многу повеќе од пропаганда. Да се биде сведок на Исуса Христа и да се учествува во мисионската работа не е исто што и да се претставува идејата за некоја политичка партија.

Христијанинот не е трговски патник што ќе ја продаде својата стока, а потоа засекогаш ќе ја заборави вратата на која што затропал. Ниту Исус не му припаѓал на некој трговски карван од Далечниот Исток. Тој не дошол на светот да му понуди скапоцени мириси и мирудии. Дотолку повеќе, Тој на светот не му понудил ниту некоја нова теорија, како, на пример, Буда. Тој на светот му се понудил себеси. И токму затоа ние имаме обичај да кажеме дека христијанството не е исто со Христовото учење, туку христијанството е самиот Христос, она што Тој бил и она што Тој го учел. А ако христијанството е Христос, тогаш што е мисионството?

Како го проповедал Христос евангелието? Како некој грчки филозоф, кој со денови лежел на бок испивајќи енормни коли-

чества вино, или како некој ладнокрвен стоик, или можеби како средновековните сколастици кои расправале за тоа колку ангели можат да застанат на врвот на една игла?

О да, ние можеме да бидеме мошне образовани, но Исус не се трудел да покаже големо знаење. Тој одел таму каде што не би одел никој, ги лекувал оние кои не би ги лекувал никој, ги хранел оние кои не би ги хранел никој и на крај, суштина на неговата мисионска работа била жртвата, без која ние денеска не би имале што да проповедаме. Христос не барал инспирација за мисионство во проучувањето на недосегливите тајни на космосот, туку во болната рана на измаченото човештво.

Да се поучиме од тоа дека мисионството има своја смисла тогаш кога нашата религија ќе стане практична и реална. Со нашиот практичен живот ние мораме да ја олицетвориме Христовата љубов, понизност и пожртвуваност. Дури тогаш нашиот збор ќе биде евангелие, а не мудрување.

*Сабота, 13 јануари 2018*

## Три повици

Еден од најсериозните опомени и повици, што им ги упатил Исус на своите следбеници, го наоѓаме во Матеј 22,1-10.

Оваа парабола Исус ја изнел последниот вторник пред распнувањето. Затоа сериозноста на овие Исусови зборови е голема. Тогаш се изговорени уште и параболата за двајцата синови и за лозарите. Овие параболи сочинуваат трилогија, а главен предмет е: Спасение во Исуса Христа за цел свет!

Во оваа парабола се прикажува евангелскиот повик што го отфрлил еврејскиот народ, како и милостивиот повик упатен до незнабошците. Повикот за гозба го упатува царот, а тоа е Оној кој има моќ да заповеда. Со тој повик на поканетите им се

укажува почест. Но таа почест не се цени. Авторитетот на царот се презира. Повикот на домаќинот е прифатен рамнодушно.

Во оваа парабола се упатуваат три повици:

1. Исусовиот повик до својот народ.

2. Повикот што го упатувале апостолите по Христовото распнување.

3. Повикот што му го упатува Божјиот народ на секој народ, јазик и племе.

Добро ни е познат како е прифатен Исусовиот и апостолскиот повик.

Третиот повик на гозба го прикажува проповедањето на евангелието на незнабошците. Господ денеска нè повикува да им го однесеме на нашите ближни последниот повик на милоста.

Цело небо е вклучено во оваа задача.

1. Дали и ти си вклучен во повикувањето на луѓето за големата свадба на Јагнето?

2. Дали ја извршуваш службата во која си повикан?

3. Дали им ја носиш светлината на вистината на сите, без разлика?

*Сабота, 20 јануари 2018*

## Три обратувања...

Кога зборуваме за служењето на ближните, незаобиколен мотив е да им се служи на другите со цел тие да се обратат. Но секако, и оној што е во службата треба да биде обратен.

Обратувањето е во центарот на мисионската служба. Кога ги споменуваме личностите кои се примери за служба на другите, често го споменуваме апостол Павле. Ако него го поврземе со најзначајната цел на мисионската активност, со обрату-

вањето, во неговиот живот би можеле да забележиме дека тој доживеал три обратувања.

**Прво обратување: Дела 9,3-6**

Првото обратување било средбата со Христа на патот кон Дамаск. Дека навистина тогаш доживеал обратување, сведочи и неговото потчинување на Христовата волја. Средбата со Христа ги изменила неговите намери.

**Второ обратување: Дела 9,17-19**

Второто обратување Павле го доживеал во Дамаск - по исполнувањето со Светиот Дух и крштавањето. Во 19. стих стои запишано: „Неколку дена беше со учениците во Дамаск.“ Ова била Павлова средба со браќата во црквата.

**Трето обратување: Дела 9,20**

Ова обратување е врзано за службата на светот, во многу места, на патиштата и по црквите (синагогите). Павле се среќавал со луѓе од светот на кои им зборувал за Христа. Значи, прво Павле имал средба со Христа, потоа со браќата во црквата, а тогаш со луѓето на кои им го проповедал Исуса.

Кога ќе ги погледнеме нашите црковни книги, можеме да видиме дека поголем е бројот на оние што се крстиле - на пример, оние што го запознале Христа, отколку оние кои се со браќата во црквата на богослуженијата, во саботната школа и на другите собири. А уште помал е бројот на оние кои се во служба на другите.

Можеби сега е прилика да видиме дали сочинуваме само бројка меѓу оние кои се во црковната книга или, покрај тоа, можеме себеси да се видиме во бројот на присутните на богослуженијата со браќата и сестрите. Или сме покрај присутните во црковната книга и на богослужението, вклучени и во службата на другите!

Најдобар мисионер е оној што доживеал обратување, односно промена на односот кон Христа, потоа кон браќата и кон луѓето на овој свет.

Дали големиот мисионер може да биде мој пример?

*Сабота, 27 јануари 2018*

**„...Не се срамувам од евангелието...“**

Апостол Павле рекол дека не се срамува од Христовото евангелие. Би било добро да се потсетиме на заднината на овие зборови. Павле бил во зандана во Филиба, протеран од Солун, нечујно спроведен од Вереја, исмеан во Атина и во Коринт, а неговата вест била „лудост за Грците а камен-сопка за Евреите.“ Зошто не би требало да се срамуваме од евангелието? Некои христијани претежно се склони да се срамуваат од евангелието, зашто крстот за мнозина е соблазна.

Апсурдно е дрводелецот од Назарет да стане Божји Син. Како е можно празниот гроб да стане срце на евангелието?

Фарисеите во Христово време ја мразеле веста за крстот; Евреите исто така. Грците на ист начин покажувале омраза.

И денеска светот ѝ се потсмева на оваа вест. Крстот ни зборува, „ти си загубен. Твојот добар интелект, твојот морал, не вредат ништо. Сета твоја праведност е како нечиста облека“. Светот ја мрази таквата вест и апостолот тоа добро го знаел. Тој лично страдал од нивниот сарказам, од нивниот презир и подбив. Павле бил човек со голем интелект. Тоа не било ниту малку едноставно ниту лесно за човек со такви способности и искуства да се противстави на таков презир. Тој ја почувствувал сета нивна острина. А кога кажал дека не се срамува од евангелието, тој добро знаел за што зборува. Во одбрана на своето апостолство тој кажува:

**Да прочитаме: 2. Коринќаните 11,24-28**

- 5 пати 40, помалку еден удар! Наспроти сѐ, Павле можел да каже: „Не се срамувам од евангелието“. Во 2. Тимотеја 1,12 тој ја споменува причината зошто не се срамува од евангелието: „Затоа така и страдам; но не се срамувам, зашто знам во кого сум поверувал и уверен сум дека Тој е моќен мојот залог да го запази за оној ден.“

Каков став заземаш ти?

*Сабота, 3 февруари 2018*

## „Проповедај ја Речта...“

Апостол Павле на својот соработник му укажува на нешто што треба добро да го запамети:

**Да прочитаме: 2. Тимотеј 4,2**

Значењето на овој стих има голема важност. Налогот, „Проповедај ја Речта“ значи „не го губи чувството за итност.“ Нема многу време.

Овде лежи предизвикот за будните. Но постои опасност како Божји народ да го загубиме чувството дека сме движење. Можеби како црква бројно растеме. Бројниот раст не смее да се пренагласува. „Духот е она што оживува“, рекол Исус.

Апостолите повикувале на напредување во Оној кој е глава - Христос. Ако сме христијани, тогаш треба да бидеме како Него - да бидеме исполнети со него - да постигнеме христијанска зрелост. Нестабилноста, која им е својствена на малечките деца треба да исчезне. Од нас се очекува цврсто да стоиме на божествената вистина. Дали сме задоволни од сопствената зрелост?

На крајот од својот живот Павле кажува дека уште не достигнал. Тој уште се бори. Да ја проповедаме Речта во секое време!

*Сабота, 10 февруари 2018*

## Сочувствителност

Кога станува збор за мисионството, би сакал посебно да истакнам еден од духовните дарови што на сите ни е неопходен, а тоа е СОЧУВСТВИТЕЛНОСТА. Би споменал две личности од кои би можеле да се поучиме за тоа.

Би го споменал Џорџ Стивенсон како конструктор на првата локомотива. Еден ден Стивенсон влегол во поткровјето на својот стан и го затворил прозорецот кој подолго време бил отворен. По неколку дена забележал нешто чудно. Птица се обидувала со сета сила да го скрши стаклото на тој прозорец за да влезе внатре. Веднаш се качил во поткровјето, го отворил прозорецот, а птицата без никакво двоумење влетала во собата и се упатила директно кон гнездото. Кога погледнала во него, со скршено срце се урнала на подот. Стивенсон се приближил и сè во него затреперило од сцената што ја видел. Во гнездото лежела мајка со четири малечки птички, но мртви. Од подот нежно го подигнал таткото кој толку долго се обидувал на своето семејство да му донесе храна. Настојувал да им помогне, но секој напор бил напразен. Стивенсон долго тагувал заради овие птички. Неговиот пронајдок го изменил токот на човечката историја, но уште поголем го сторила неговата сочувствителност.

Но наш пример е едно Лице чијашто сочувствителност е поголема од сите други. Тоа е нашиот Господ. Неговата сочувствителност се покажувала и тогаш кога плачел. Понекогаш неговите молитви биле придружени со солзи. Да, тие солзи укажувале на длабочината на чувствата и на големината на сочувството кон загубените луѓе.

1. Ги гледал страдањата на сите поколенија од Адама па сè до своето време.

2. Исус плачел над гробот на Лазара, но не заради Лазара, зашто планирал него да го воскресне, туку заради целиот народ.

3. Тој плачел над жителите на Ерусалим. Го видел разурнувањето на градот.

4. Ги видел крвавите верски војни и прогонствата на својот народ низ мрачниот среден век.

5. Неговите очи гледале 22 милиони мртви и 36 милиони ранети во Втората светска војна.

6. Ги видел разурнатите градови, атомските експлозии и децата што страдаат и умираат од глад.

7. Исус гледал однапред и во нашето време, како и крајот на историјата на оваа планета.

Сето тоа ја притискало неговата душа и предизвикувало сочувство и солзи во неговите очи. Исус сакал да му помогне на човечкиот род, но не само со зборови полни со ветувања. Тој тоа го покажал со делата.

Какво е нашето сочувство кон другите? Желба ми е тоа да се покаже како со зборови така и со дела. Стихот од Псалм 126,6 нека се однесува и на нас: „Оди и плаче оној што носи семе да сее; ќе појде со песна носејќи ги своите снопови.

Духот на пророштвото кажува: „Сè уште најголем доказ во прилог на евангелието е христијанинот кој сака и кој може да биде сакан. Зборот што охрабрува и делото на љубовта во голема мера ќе го олеснат товарот што почива врз уморниот човечки род.“

*Сабота, 17 февруари 2018*

## Потреба од лична работа

„Проповедање и личен труд. - Проповедањето и работата од куќа до куќа се еднакво важни. Како резултат на изнесувањето на вистината пред големи собири се буди дух на истражување; особено е важно тоа интересирање да го следи личен труд. Оние што сакаат да ја истражуваат вистината треба да бидат поучени трудољубиво да ја проучуваат Божјата реч. Некој мора да им помогне да ѕидаат на сигурен темел. Во тој критичен период на нивното религиско искуство, посебно е важно да им пристапат добро упатени библиски работници и на нивното срце да му ја отворат ризницата на Божјата реч“ (GW 364,1915).

„Нешто повеќе од проповедање. - Во градовите треба да се работи а не само да се проповеда; да работиме од куќа до куќа. По упатувањето на опомена и по објавувањето на вистините од Писмото, многу души ќе бидат осведочени“ (Адвентистички преглед, 14. 10.1902).

„Помалку проповедање повеќе лична работа. - Кога на половина би се намалило проповедањето, а двојно би се зголемил личниот труд во домовите на пријателите на вистината и во црквата, би виделе изненадувачки резултати“ (Манускрипт 139, 1897).

„Загубени прилики. - Кога ќе се занемари личниот труд, се губат многу драгоцени прилики кои, да биле искористени, сигурно значително би го унапределе делото“ (GW 364,1915).

**Прашања за разговор:**

**1. Кои методи постојат за работа од куќа до куќа?**

**2. Што може да промени твојата работна група?**

*Сабота, 24 февруари 2018*

**„... Помина правејќи добро...“**

**Да прочитаме: Дела 10,38**

Ваков начин на живот Бог и денеска очекува од своите следбеници. Цела Библија зборува за делата на Божјата љубов во полза на човекот. Меѓутоа, ние често ја губиме од вид оваа божествена визија. Ако дејствуваме како што работел Исус, тогаш нема никогаш да правиме добро за со тоа да оствариме некоја своја цел.

Ова секако е необичен став за нашето време кое се одликува со материјализам и со комерцијализам. Во списанието Ривју енд Хералд д-р Кубо кажува: „Тој (Исус) не склучувал пријателство со луѓето за да ги придобие да доаѓаат во црква. Не ги исцелувал ниту ги одушевувал за да се придружат кон неговото движење. Мнозина навистина му пристапувале, но тоа го правеле затоа што биле привлечени со неговата огромна љубов“ (20 јули 1967, стр.3).

„Споредбата за милостивиот Самарјанец ни покажува како треба да правиме добро. Самарјанецот не гледал дали околу има фотограф, дали случајно тука се репортери од некое списание, ниту прво детално го разгледал човекот за да установи дали ќе може да го доведе во својата црква, ниту сметал дека ќе има полза ако добро постапува со него. Тој видел човек во неволја и му помогнал во добрината на своето срце. Неговата добрина немала потекло во некоја друга побуда“ (20 јули 1967, стр.3).

**Прашања за разговор:**

**1. Како да се осведочат луѓето дека она што го проповедаме е вистина?**

**2. Како да се постапи како милостивиот Самарјанец?**

*Сабота, 3 март 2018*

## Како да се водат луѓето во проучувањето? (1)

Кога размислуваме за работата со нашите пријатели на вистината, прв и најчест проблем што нѐ мачи е - како да работиме со нив? „Јас не знам како да го водам проучувањето, како да им изнесам одредена тема?“ Еве неколку идеи што можат да ни помогнат во практичната работа.

Прво и најважно е да не ги охрабриме на непослушност. Тоа главно се случува кога на луѓето ќе им дадеме повеќе информации отколку што можат да прифатат. Често заборавaме дека сме повикани луѓето да ги учиме да послушаат, а не само да сослушаат. Кога ќе ги научиме повеќе да знаат, а помалку да практикуваат, тогаш сме ги навеле на свесна непослушност. Друга крајност е кога недоволно ги поучуваме, па тогаш несвесно грешат.

За луѓето да бидат во состојба да го прифатат она на што ги учиме, неопходно е во секоја лекција да се најдат себеси во својот практичен живот, тоа да го применат на својот личен случај. Луѓето го научуваат и го запаметуваат само она во што ќе се пронајдат самите себеси. Затоа личната, практична примена има првенствено значење. Тоа треба постојано да им го нагласуваме во врска со нивното лично проучување на Библијата. Во тоа проучување со нив треба:

**1. Да се посматра (да се анализира што е кажано).**

**2. Да се објасни (да се нагласи значењето).**

**3. Да се примени (што значи тоа за мене).**

Напомените што ги даваме треба да се минимални, доволни за да му дадат смисла на текстот. Најважно е - што тоа значи во секојдневниот живот. Во правец на образованието и на верни-

ците и на пријателите на вистината, тие се најпрактична група на проучување прилагодена кон потребите на почетниците (библиска група). Тие поттикнуваат на заедничко размислување и дискусија, а развиваат здрава, духовна друштвеност. Во таа прилика присутните се молат едни за други и за решавање на проблемите што ги имаат некои од нив и така се развива вистинско пријателство и духовно заедништво што станува трајна врска на луѓето во црквата. Не може доволно да се нагласи важноста на малечките работни групи за животот на црквата како и на поединците.

*Сабота, 10 март 2018*

**Како да се водат луѓето во проучувањето? (2)**

При водењето на проучувањето не е толку важно да се даваат вистински одговори, колку што е важно да се поставуваат вистински прашања. Прашањата се голема сила во водењето на размислувањето. Тие го поттикнуваат нашето внимание и нè присилуваат на размислување. За да бидат ефективни, мораат да бидат правилно поставени. Во групното проучување важно е да се поставуваат:

- информантивни прашања што го разгледуваат текстот или мислата. Тие најчесто почнуваат со што, каде, кога, кој, како, чие и слично, а ги анализираат фактите.

- прашања што насочуваат. - Ги наведуваат учениците да размислуваат врз основа на веќе изнесените податоци и даваат неколку веќе постојни одговори. Главно се даваат неколку можни одговори (разделени со „или“)

- пробни прашања кои се најчести. - Тие даваат непредвидени одговори и најчесто почнуваат со: зошто, или кој (на пример, Исус ги прашал учениците: „Што велат луѓето, кој е Синот

човечки?“). Тие бараат размислување и интелигентен одговор и го проверуваат нивото на сфаќањето на учениците,

Со правилна употреба и комбинација на овие прашања учителот може успешно да го доведе ученикот низ проучувањето и размислувањето до конечна практична примена на неговиот случај и на секојдневниот живот.

*Сабота, 17 март 2018*

**Како да се водат луѓето во проучувањето? (3)**

Еден мошне важен фактор на правилни контакти со различни лица е и доброто познавање на типовите и особините на луѓето. Познато е дека луѓето според општите основни структури се различни. Психолозите ги делат на четири основни типови:

- колерици (наредбодавци, лидери) - ним не можете да им наредувате зашто тоа сакаат сами да го прават. Сакаат брза акција, конкретност и гаранција за сигурен успех. Не поднесуваат пораз и потсмев од страна на средината.

- сангвиници (забавувачи) - нив не ги интересираат премногу сериозните и научни теми, не можат да се занимаваат со систематско размислување. Површни се и вниманието им е непостојано. Потребна им е прифатеност.

- флегматици (миротворци) - најважни им се добрите меѓусебни односи. Затоа можат да бидат нерешителни, особено кога се под притисок на судирите на средината. Сакаат пријателство.

- меланхолици (аналитичари) - посебно повлечени лица способни да ги забележат сите подробности и тоа главно оние негативните. Со нив мора да се биде мошне внимателен зашто тоа се мошне чувствителни личности. Бараат студиозен и теме-

лен пристап и знаат длабоко да размислуваат. Иако се молчаливи, размислуваат и длабоко реагираат. Бараат коректно однесување.

Ако се земат во обѕир и овие важни моменти (покрај многу други), нашиот контакт со луѓето може да биде мудар и успешен во водењето низ проучувањето на Божјата реч. Потребно е многу такт и прилагоденост кон секоја личност, посебно нашиот пристап да биде правилен и луѓето да ги придобиеме за Христа.

*Сабота, 24 март 2018*

**Зависен од човечките фактори**

За свои претставници меѓу луѓето Бог не ги одбрал ангелите кои никогаш не згрешиле, туку човечки суштества кои имаат слични особини како и луѓето што бараат да ги спасат. Христос зел човечка природа за да може да досегне до човечкиот род. Бил потребен божествено-човечки Спасител да му донесе спасение на светот. На луѓето им е предадена света должност да го објават „неискажливото Христово богатство“. Посматрајте ја трогателната сцена. Гледајте го небесното Величество опкружено со дванаесеттемина што ги избрал. Тој тукушто сака да ги издели за извршување на неговата работа. Со помош на овие слаби орудија, преку својата Реч и Духот, Тој има намера спасението да го стори достапно за сите.

„И сега прати во Јопа луѓе да го повикаат Симона наречен Петар.“ Така Бог дал доказ дека ја цени евангелската служба и својата организирана црква. На ангелот не му е наложено на Корнелиј да му зборува за крстот. Човек, кој и како самиот капетан, кој е подложен на човечки слабости и искушенија, требало да биде тој што ќе му раскаже за распнатиот и воскреснат

Спасител.

Ангелот пратен кај Филипа можел и сам да ја сврши работата за Етиопјанецот, но тоа не бил Божји план на дејствување. Негов план е луѓето да работат за своите ближни.

„Но ова богатство го имаме“, продолжил апостолот, „во земјени садови, за преголемата сила да биде од Бога, а не од нас.“ Скапоценото богатство е ставено во земјени садови. Преку луѓето неговите благослови треба да му бидат пренесени на светот. Преку нив неговата слава треба да ја растера темнината на гревот. Проникнати со љубов во службата тие треба да ги сретнат грешните и неволните и да ги одведат до крстот.

**Мисли за разговор:**

**1. Да се набројат библиски личности што ги повикал Бог во служба.**

**2. Да се разговара за видот на службите на набројаните библиски личности.**

**3. Кој вид служба би можел да извршуваш ти денеска?**

*Сабота, 31 март 2018*

## „Ако ме љубите...“

Кој знае по којпат се соочуваме со повикот да работиме за ближните. Меѓутоа, оние што работат, тоа ќе го прават без мисионски стих. Оние што не работат, обично не работат ни по овој „мисионски повик“. Зошто некои сакаат да се залагаат за спасение на ближните, а на некои тоа многу тешко им паѓа? Некои ќе кажат: „Па, тие се способни, ние не.“

Меѓутоа, Исус не рекол: „Вие способните сте светлина на светот“ (Матеј 5,14); „способниот слуга... дава храна на оброк“

(Матеј 24,45); „добро способен слуго...“ (Матеј 25,23). Тој ги нагласува зборовите „добри дела“, „верен“. Колку му е тешко на добриот човек да прави добри дела, на верниот да биде верен, на исполнетиот со љубов да сака? Од што зависи тоа - од надворешните способности, од талентите или од внатрешните сили - од љубовта? Може ли некој од страна да ја изнуди и да ја наметне таа љубов? Може ли некој „со мисионско одушевување“ да создаде во нас „талент и способност за сведочење“, ако Христос не нѐ „запалил“ со љубовта кон него и кон неговите загубени деца?

Што се однесува на можностите за работа - постојат повеќе од кога било порано. Средствата, методите, материјалите, слободата - сѐ нѐ повикува да станеме и на збунетиот свет да му го покажеме излезот од темнината. Но имаме ли движечка сила да го сториме тоа? Дали нашето срце копнее да им помогне на оние кои околу нас тивко и незабележано духовно умираат? Дали навистина го сакаме нашиот Спасител и оние за кои Тој умрел и кои заедно со нас сака да ги види во своето царство? Дали сме се соочиле со вистината: „Ако ме љубите, држете ги моите заповеди?“

Да се сака Христос значи да се соработува со него, да се сакаат оние што и Тој ги сака со божествената љубов што сака да ни ја подари нам. Дали ќе ја прифатиме оваа понуда и овој предизвик? Дали ќе го решиме тој проблем или не во клед, насамо, - тоа ќе влијае и врз нашата вечност.

**Мисли за разговор:**

**1. Што е движечка сила за мисионската работа?**

**2. На кои сѐ начини црквата може да го исполни Христовиот налог за проповедање на евангелието на сите народи?**

**3. Кој е мојот и твојот личен удел во оваа работа на проповедање?**

ГРАДИВО 1/2018

**Мисионски стихови**

- Евангелски активности на верниците

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква во Р. Македонија

**Превод и техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**